Бр./Nr 12-205/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

19-10-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи /по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 75-тата седница одржана на 14.10.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-205/1 од 14.01.2021 година, со наводи за неправилности во постапувањето во рамки на судски постапки пред Основен суд /// и Апелационен суд ///, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување во предметниот случај од причина што во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на постапување на судии во судски постапки.

Предметот со број 12-205/1 од 14.01.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 14.01.2021 година поднесена е пријава со наводи за неправилности во постапувањето во рамки на судски постапки пред Основен суд /// и Апелационен суд ///, и оформен е предмет број 12-205/1 од 14.01.2021 година.

Во пријавата од страна на подносителот се изнесени наводи за повеќе неправилности во постапувањето во рамки на предметот на Основен суд /// во кој била донесена првостепена пресуда со број ///, и во рамки на предметот на Апелационен суд /// во кој била донесена второстепена пресуда со број ///. Според подносителот на пријавата, содржината на првостепената и второстепената пресуда упатувале на постапување кое е спротивно на одредбите на Кривичниот законик и спротивно на одредбите на Законот за кривичната постапка, првенствено во делот кој се однесувал на трошоците настанати во кривичната постапка, при што, според подносителот, при донесувањето на двете пресуди различно бил толкуван членот 102 став 4 од Законот за кривичната постапка.

Покрај наведеното, подносителот во пријавата изнесува наводи и за несоодветно утврдување на фактичката состојба, при што со повеќе индивидуални постапки биле повредени нејзините права на обвинета во постапката.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување. Согласно член 36 став 1 точка 15 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Судскиот совет е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните

лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите. Со оглед на тоа, подносителот на пријавата се упатува да се обрати до Судскиот совет на Република Северна Македонија со претставка доколку има наводи за неправилности во работењето на конкретен судија, или да користи други расположливи процесни дејствија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**